**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.*12210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
[www.probistip.gov.mk](http://www.probistip.gov.mk) [info@probistip.gov.mk](mailto:info@probistip.gov.mk)
***Одделение за урбанизам***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Бр. 10– 489/8 од 03.08.2021 год.**
Пробиштип

Врз основа на член 50 став (3),(4) и (5) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ” бр.32/20, год.) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Прбиштип за 2021 година со Одлука Број 26-928/16 од 30.11.2020 год., објавена во „Сл.Гласник" на Општина Пробиштип Бр.42/2020 год., донесена од страна на Советот на Општина Пробиштип, Градоначалникот на Општина Пробиштип го дава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## За спроведување на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 3, КО Пробиштип, Општина Пробиштип

Се известуваат граѓаните на Општина Пробиштип дека се организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 3, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со Тех.Број 03/2021 од јули 2021, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА“ Скопје.

### Член 2

Границата на конкретниот плански опфат е опфатена со важечка планска документација односно дефинирана е со усвоениот ГУП за град Пробиштип со плански период за 1995-2005 (Одлука Бр.08-335/2 од 03.07.1997г.) и со границите на соседните блокови:

- На **север** со Урбан Блок 6.1
- На **исток** со Урбан Блок 4.1
- На **југ** со Урбан Блок 2.3
- На **југо-исток** со Урбан Блок 2.1
- На **запад** граница е самата граница на ГУП

Целта на изработувањето и донесувањето на овој ДУП за Урбан Блок 3, КО Пробиштип, Општина Пробиштип е да се обезбедат услови за изградба и функционирање на површински соларни и фотоволтаични електрани. Планскиот период на ДУП за Урбан Блок 3 се предвидува да го опфати периодот од 2021 до 2026 година. Предметниот опфат на ДУП за Урбан Блок 3, се наоѓа во југо-западниот дел на градот и е дел од неизградена структура кој е приближно оддалечен 1.5 км од централното градско јадро. Површината на

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.12*210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk
***Одделение за урбанизам***

планскиот опфат е неизградено земјиште. Со планот се формираат градежни парцели и се предвидуваат површини за градба со намена во согласност со ГУП на град Пробиштип за Блок 3, каде на ниво на Урбан Блок 3 како доминантна намена одредена со ГУП на град Пробиштип (1995-2005) е групата на класи на немени:

- Г2-Лесна и незагадувачка индустрија
- Д2-Заштитно зеленило и регулиран водотек-НЕАКТИВНА ДЕПОНИЈА ЗА ЈАЛОВИНА

Со Планот се утврдени следните следните класи на намени:

-Е-**Градби од нискоградбата - инфраструктури**:

- Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани;
- Е1-8- Инфраструктура за пренос на електрична енергија-Трансформаторски станици;
- Е1-сообраќајни, линиски и други инфраструктури;

-**Г-Рударство,енергетика,индустрија:**

- Г2-Индустриски згради од лесна преработувачка индустрија

-**Д-Зеленило,рекреација и меморијални простори:**

- Д2-Заштитно и сообраќајно зеленило,

со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните, согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.225/20 год.).

Според ДУП за Урбан Блок 3, КО Пробиштип, Општина Пробиштип вкупната површина на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува **П=23,7588 ха**.

Истата површина ќе се применува при изработка на Деталниот урбанистички план за Урбан Блок 3, КО Пробиштип,Општина Пробиштип.

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА

со стручно презентирање на

**Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 3, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со Тех.Број 03/2021 од јули 2021**, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе се одржи на ден **20.08.2021 год.** (петок) со почеток во **11.00** часот во салата на Советот на Општина Пробиштип, во Домот на културата во Пробиштип.

## ЈАВНА АНКЕТА по

**Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 3, КО Пробиштип, Општина Пробиштип,** со Тех.Број 03/2021 од јули 2021 година, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе трае **30** (триесет) **дена** и во електронска и во писмена форма, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип, во периодот од **05.08.2021 год.** до **03.09.2021 год.**, во кој период заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.1*2210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
*www.probistip.gov.mk*  *info@probistip.gov.mk*
***Одделение за урбанизам***

подрачје опфатено со планот можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на **анкетни листови** во писмена и електронска форма, кои можат да ги подигнат од Општинскиот услужен центар (шалтерот) во зградата на кино салата, и од ***web*** страната на Општина Пробиштип, или во електронска форма преку информацискиот систем ***e-urbanizam.*** Во прилог на анкетните листови да се достави копие од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

**Графичкиот прилог** од Нацрт планот за Деталниот урбанистички план за Урбан Блок 3, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, ќе биде изложен на огласна табла пред влезот на Општинскиот услужен центар (шалтерот) во зградата на кино салата, во информацискиот систем ***e-urbanizam*** и на ***web*** страната на Општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***, а подетални информации во врска со горенаведениот план може да се добијат во Одделението за урбанизам на Општина Пробиштип, кое се наоѓа во просториите на зградата на кино салата на вториот кат.

Изготвил: Ј.Дукоска диа Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska Date: 2021.08.05 10:19:45 +02'00'
Одобрил: Б.Станојковски дги

Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski Date: 2021.08.05 10:54:06 +02'00'

**м.п.**

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Градоначалник**
Драган Анастасов

Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov Date: 2021.08.05 12:27:43 +02'00'